РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-13287/6
04-12-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Јавно претпријатие за државни патишта

# ПРАВИЛНИК

за изменување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта

Декември 2024 година

Врз основа на член 37 – ѕ од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. број 38/96, 9/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 6/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта донесе:

ПРАВИЛНИК

За изменување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-12763/7 од 25.11.2019, во членот 4 став 1, алинеја 5 се брише.

Член 2

Во членот 5 став 3 алинеја 3 зборовите во заградата „припадност на заедницата“ се бришат.

Член 3

Прилогот 1 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-12763/7 од 25.11.2019 се менува и изменетиот Прилог 1 – Пријава за вработување е составен дел на Правилникот.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Управен одбор

Наташа Јовановска